Одговор: Во Судот, претходно е образуван предмет У.бр.137/2019, по повод поднесена иницијатива од адвокат од Скопје за оценување на уставноста на член 96 став 4 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/06,150/10,100/11, 20/15, 61/15,197/1/,83/18); и на член 72 став 3 во делот: „ценејќи ја законитоста на постапката“, став 4 во делот: „во случај на груба повреда од одредбите за постапката“ од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019). Притоа, во времето на поднесување на Вашата иницијатива, претходната постапка по горенаведениот предмет веќе беше окончана, па од причини на процесна економија беше образуван нов посебен предмет. По однос на одлучувањето по предметот У.бр.137/2019, сѐ уште нема закажано одржување на седница на чиј дневен ред би бил ставен и овој предмет и не може однапред да се каже кога Судот би го разгледувал овој предмет.